Република Северна Македонија
Основен суд Кратово
СПИ
СУ.бр. 7 / 23
24.10. 2023 година
Кратово

[redacted]

До
**ОСНОВЕН СУД КРАТОВО**
**Г-дин Мирослав Георгиевски, Претседател**

**Б А Р А Њ Е**
**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИЈА ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**Почитуван Г-дин Мирослав Георгиевски,**

Преку овој допис [redacted] врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 101/19) , од Вас како имател на информација од јавен карактер бара по писмен пат или по пат на е-маил, да не известите за следното:

- **кои адвокати се ангажирани како бранители во кривични постапки (адвокати по службена должност) во Вашиот суд за периодот на 2022 година и за период од 01.01.2023 заклучно со 30.09.2023 година и тоа со наведување на број на предмет по кој постапувале.**

Информацијата ни е потребна согласно цитираниот закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, а во смисла на чл.74 ст.6 од ЗКП.

Однапред Ви благодариме.

Со почит,

[redacted]

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.7/23
26.10.2023 год.
Кратово

**ДО**

[redacted]

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

**ВРСКА:** Ваше барање бр.03-743/7 од 19.10.2023 год.

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение СПИ.бр.7/23 од 26.10.2023 година по бараната информација.

Со почит,

Диме Петрушевски, службено лице

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Република Северна Македонија
Кратово

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.7/23
26.10.2023 година
К р а т о в о

Врз основа на чл.20 ст.1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РСМ бр.101/2019) постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот [redacted] примено на ден 24.10.2023 година, имателот на информацијата Основен суд Кратово, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето од барателот [redacted] за пристап до информации од јавен карактер, СЕ УВАЖУВА целосно.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено од барателот [redacted] со кое бара податоци за тоа кои адвокати се ангажирани како бранители во кривична постапка (адвокати по службена должност) во судот за периодот 2022 година и од 01.01.2023 заклучно до 30.09.2023 година со наведување на број на предмет по кој постапувале, имателот на информацијата Основен суд Кратово, ви ги доставува следните информации:

| **Адвокат** | **2022 година**<br><br>**Број на предмет** | **01.01.2023 до 30.09.2023 година**<br><br>**Број на предмет** |
|---|---|---|
| Наташа Миладинова од Кратово | К.бр.3/22,<br>К.бр.4/22, | |
| Дејан Давитковски од Куманово | К.бр.30/21,<br>К.бр.52/21,<br>К.бр.29/21,<br>К.бр.8/22 | |
| Дејан Давитковски од Кратово | | К.бр.2/23 |
| | | |

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап на информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на решението.

Решено во Основен суд Кратово на 26.10.2023 година, под СПИ бр.7/23

По овластување на претседателот на судот,
Сужбено лице за посредување со информации од јавен карактер
Диме Петрушевски, Судски советник

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Република Северна Македонија
Кратово